Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. (Сл. весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10,124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18)), **Градоначалникот на Општина Аеродром**, на ден 03.10.2019 година, донесе:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Сектор за комунални работи, урбанизам и заштита и унапредување на животната средина
Бр. 16-3527/4
04 OCT 2019 20 год.
СКОПЈЕ

## Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ ***Локална урбанистичка планска документација за лесна индустрија (Г2) на КП 1198/2, 1197/2 и дел од КП 1197/1 и 1198/1, КО Долно Лисиче вгр, општина Аеродром***, која се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 42/14, 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 I 168/18), Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови (Сл. весник на РМ бр.78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр.142/10, 64/11, 98/11, 169/11, 45/12, 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14, 148/14, 65/15, 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Аеродром на следната веб адреса/и: www.aerodrom.gov.mk

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ- ***Локална урбанистичка планска документација за лесна индустрија (Г2) на КП 1198/2, 1197/2 и дел од КП 1197/1 и 1198/1, КО Долно Лисиче вгр, општина Аеродром*** нема да има влијание врз животната средина од следните причини: се работи за мал опфат (0,90ха) и влијанието врз животната средина од активностите е мало, а истото треба да се обработи на ниво на проект во Елаборатот за заштита на животната средина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до општина Аеродром во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната

**03.10.2019 год**
**Скопје**

**ОПШТИНА АЕРОДРОМ**
**Градоначалник,**
**Златко Марин**